**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
*ул. 1 бб, 1043 Петровец*
*тел:02/2562 239, 2562 240, факс: 2563 100*
*Трезорска сметка - 100-000000063095*
*Сметка на буџетски корисник - 753014109263013*

Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 04-1132/25
29.05.2025 год.

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/24), градоначалникот на општина Петровец ја донесе следната:

# **О Д Л У К А**

## **за избор на кандидат за вработување по пат на јавен оглас**

1. По јавниот оглас број 170/2025 за вработување на административен службеник во општина Петровец објавен во дневните весници, „Вечер", „Слободен печат" и „Коха" како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација и врз основа на Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас на работното место Соработник за уредување на градежно земјиште, Одделение за урбанизам и просторно планирање, Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР - 1 извршител се избира

    - Себахат Османи

2. Именуваниот/ата ќе биде вработен/а на горенаведеното работно место по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување.

## *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

На ден 17.04.2025 во дневните весници „Вечер", „Слободен печат" и „Коха" како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен Јавен оглас за вработување на административен службеник во општина Петровец за работното место Соработник за уредување на градежно земјиште, Одделение за урбанизам и просторно планирање, Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР - 1 извршител.

По однос на огласот формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со Решение бр. 10-685/7 од 05.05.2025, како и измена на решението со број 10-685/9 од 22.05.2025 година донесено од страна на Директорот на Агенција за администрација.

Комисијата спроведе административна селекција за административниот службеник и состави записник под број 10-685/8 од 05.05.2025 и спроведе испит за

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
*ул. 1 бб, 1043 Петровец*
*тел:02/2562 239, 2562 240, факс: 2563 100*
*Трезорска сметка - 100-000000063095*
*Сметка на буџетски корисник - 753014109263013*

административен службеник и состави Записник заведен под број 10-685/10 од 23.05.2025 година.

На ден 27.05.2025 година Комисијата спроведе проверка на веродостојната на доказите и интервју за административен службеник и за истотот состави Записник заведен под број 10-685/11 од 27.05.2025 година.

По спроведената постапка од страна на Комисијата до Градоначалникот на општина Петровец доставена е Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати со бр.10-685/12 од 28.05.2025.

Согласно член 45 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр..275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/24) Секретарот односно раководното лице во институцијата во кои не се назначува секретар, во рок од пет дена по добивањето на предлогот од член 44 ставови 1, 3 и 4 од овој закон е должен да донесе одлука за избор.

Поради погоре наведеното, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
Градоначалник

______________________________
Борче Митевски